(но сепак престојуваа на Конгресот). Од Нови Сад дојдоа двајца а од Љубљана исто така двајца (од нив само еден одржа соопштение), додека од Хрватска имаше само еден (и тоа од Порече), а двајца пријавени дури и во својство на делегати од Загреб не дојдоа.

8) Во поглед на претставниците на Филозофскиот факултет и другите научни установи од Скопје сторен е пропуст од страна на Организациониот одбор од Белград, што и тие не влегоа во листата на делегатите од Југославија, која беше обелоденета во „Thirteen International Congress of Byzantine Studies Programme" (Oxford, 1966, 73). Имено, во неа под „Yugoslavia" беа наброени само претставниците на научните установи од Белград (11), Љубљана (2), Нови Сад (2), Загреб (2), а од Скопје ниту еден, иако оној одбор во Белград на свое барање правовремено и однапред беше известен за претставниците на установите од тој град кои ќе учествуваат на Конгресот.

Покрај сето ова, би имал и уште некои свои забелешки, но сметам дека и ова е доволно за да се добие што пореална слика за овој конгрес, кој е одражан во древниот универзитетски град Оксфорд.

*Константин Петров*

## НЕКОИ ЗНАЧАЈНИ ВРЕДНОСТИ НА УМЕТНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

Уметноста во Македонија веќе доста време побудува сè поголем интерес не само кај научниот свет, ами и сред широките слоеви на љубителите. Ова интересирање израснува врз осведочените вистински вредности на уметноста на ова тло низ илјадагодишното траење.

Не треба издвоено подвлекување на добро познатиот факт дека во Македонија оставиле уметнички траги сите народи и цивилизации што се сменувале низ историскиот тек. Досегашните истражувања веќе осветлија уметнички достигања, што значат ризница на нашата културна историја. Несомнено дека идните испитувања ќе разјаснат и нови уметнички вредности, особено од оние периоди чии траги времето ги покопало.

Секако дека и пред почетоците на вистинската уметност се присутни што туку никнати уметнички никулци, на предметите од таканаречените метални периоди. Но тоа се спорадични навестувања без континуитет и врска.

Вистински уметнички чекор напред се забележува во архајскиот период, во кој—најверојатно под влијание од Грција — се јавуваат одрази и во Македонија. Уметноста од ова време најјарко ја илустрираат наодите од населбата Требениште, каде што меѓу другото се откриени и златни посмртни маски и минијатурни гулаби со апплицирани рубини. Со вистинска основаност натаму се претположува постоење на уште еден локалитет од овој период кај Битола и друг кај Тетово, каде што е откриена познатата бронзена фигурина на играчицата Менада.

Доколку се смета дека е веќе утврдена извесна културна и уметничка врска меѓу архајскиот и класичниот период во спомениците во Грција,

тоа може да се рече дека во таква врска се зближени архајската и класичната уметност и на тлото на Македонија.

Иако досега немногубројни, наодите од класичниот период од V, и делумно IV век, имаат значење на потврда на претположените уметнички влијанија на античка Грција и во овие северни области. Досегашните испитувања открија во Демир Капија траги од античка култура и зачувани уметнички предмети во старата населба Стенас. Тоа се бројните фрагменти од керамични садови, од кои можеа да бидат реконструирани многу лекитоси, арибалоси, кантароси и една хидриа, со вонредно импресивно сликана црвено — фигурна декорација врз црн фон. За одбележување е дека и многу посеверно од грчките центри, дури во Скопје, е откриена една надгробна стела со претстава на покојници во концепцијата на класичниот грчки стил.

Наоди од подоцниот хелинистички период од IV до I век п. н. е. можат да се следат не само во Стенас ами веќе и во Стоби. Последните ископувања во Стоби открија градби што можат да бидат датирани во хиленистичкиот период. На еден зид од една таква градба е откриена насликана шатка со вонредно реалистички бои, во еден вид фрескотехника.

Римската уметност вткаена во продолжување на хелинистичката се манифестира пошироко од I век п. н. е. до IV век и во прилично бројна низа од веќе познати градови.

Најнапред тоа е Скупи, град со римски права и со континуитет на траење до 518 година, кога го разурнува катастрофален земјотрес. Римската цивилизација во Скупи ја сведочат досега откриениот театар и терми, а уметноста не само аплицираната флорална декорација на фрагменти од керамични садови, ами и скулптираните мотиви од надгробните споменици.

Во Стоби, град на устието на Еригон во Аксиос (Црна Река и Вардар) се откриени несомнени траги од римската уметност. Пред се, тоа е театарот од II век од нашата ера, потоа уметнички особено значајните бронзени фигури на сатири, камени скулптури на граѓани и бројни фрагменти со скулптирана флорална декорација.

Во Хераклеја Линкестис, град чии споменици укажуваат на римска уметност откриени се не само делови од градби околу таканаречениот римски форум, ами и статуи и фрагментирана пластика.

Во градот Стубера, на средината меѓу Прилеп и Битола, откриени се пред десетина години римски градби, меѓу кои и една со мермерни статуи и попрсја од несомнена уметничка вредност, чиј стил укажува на датирање во II—III век.

Досегашните резултати на истражувањата во Охрид со делови на откриениот театар веќе укажуваат на значајни вредности од римската култура во градот Лихнида на патот Via Egnacia.

Касноримската — рановизантиската уметност на IV, V и VI век може да се следи во спомениците на оние градови во Македонија што го продолжиле својот живот и во овој период.

Во Скупи од ова време, веројатно од IV—V век, е откриена една гробишна базилика. Во Коњух, град близу Кратово, е откриена базилика

и единствената ротонда во Македонија, со богато скулптирана камена декорација, што може да се датира во V—VI век.

Во Стоби од овој период е епископската базилика со пластична декорација од олтарната преграда, од амвонот и од септумската преграда и со подни мозаици со симболична мотивика. Во палатите Партениос, Перистерија и Полихармос се откриени исто така значајни мозаици. Декоративна пластика е откриена и во базиликата наречена синагога и во базиликата за крштевање. Надвор од градот Стоби е откриена и една гробишна базилика, а два—три километри јужно од Стоби, кај селото Паликура уште една базилика со декоративна пластика и мозаици.

Во Демир — Капија — Стенас е откриена една базилика, чија декоративна пластика и мозаици не се зачувани. Во Хераклеја Линкестис се откриени две базилики од кои големата има мозаици со мотиви од локалната флора и фауна. Во Суводол, село десетина километри источно од Битола, е базиликата со зачувани делови од скулптираната олтарна преграда и мозаик од пресбитериумот.

Охрид, чиј континуитет на живеење може да се следи одамна, имал една епископска базилика, веројатно на местото на денешната „Св. Софија". Потоа, особено внимание заслужуваат базиликите откриени во непосредната близина на Охрид, кај Студенчишта, и во самиот град на локалитетот „Имарет". Во Радолишта, село на брегот на Охридското Езеро близу Струга, откопана е базилика чии мозаици имаат и мотиви од езерската фауна.

Подоцната уметност од крајот на IX и од X, XI и XII век, која што веќе има карактер на творештво сред земја со словенско население, е одделена од рановизантиската со еден период од 200 до 300 години во кој уметноста може тешко да се следи и од кој досега не се откриени споменици. Но и покрај овој прекин може да се воочат извесни компоненти на продолжување на уметничката традиција.

Македонската уметност, од оваа таканаречена втора преродба во Византија се јавува не само во оддалечените планински манастири, ами доаѓа до особен израз и во градските центри Охрид и Прилеп.

Од најстарите откриени споменици од овој период, од црквите „Св. Климент" и „Св. Наум" на брегот на Охридското Езеро од крајот на IX и почетокот на X век се зачувани само трикохалните темели, што се од големо значење за науката. Во нешто изменета целина е зачувана охридската трикорабна катедрала „Св. Софија" од првата половина на XI век. Нејзината најзабележлива вредност е зачуваниот живопис од XI век, чиј суптилен линеаризам со свечени монументални фигури нема во целина да се повтори ниту во еден друг македонски споменик. Во „Св. Софија" е вредна за одбележување и декоративната пластика на олтарната преграда од XI век. Измените во XIV век донесуваат доградување на двокатен ексонартекс и западна фасада, а во декорацијата скулптиран амвон и живопис на новите делови.

„Св. Пантелејмон" во Нерези, од втората половина на XII век, е вториот по значење меѓу најстарите македонски споменици. Во оваа релативно мала крстобразна црква, вотирана од Алексиј Комнен, роднина на императорот, е зачуван живопис што прекинува со концепцијата

на монументалниот линеаризам. Овој живопис на раздвижени линии и форми, одделувајќи се од цариградскиот патрициски круг стасува до еден дотогаш незабележан израз на реализам, воведувајќи суштинска драматичност адекватна на вистинската содржина на композициите. По ова не треба да биде пропуштено да се сврти вниманието и на декоративната пластика на олтарната преграда во црквата.

Натаму, меѓу другите бројни споменици од овој период заслужуваат да бидат споменати црквата во Курбиново на Преспа и црквите во Водоча и Вељуса, близу до Струмица.

Последниот период на македонската уметност во XIII—XIV век, до доаѓањето на Турците, е манифестиран во манастирски цркви и во споменици во Охрид, Прилеп и Скопје и околу нив.

Уметноста од овој период има одредени особености што можат да се следат кај повеќето споменици. Пред сé, архитектониката е ориентирана најмногу кон цркви со основи во комбинација од впишани крстови со трикорабни базилики. Во живописот се напушта линеаризмот и монументализмот од претходниот период и се оди кон многу евидентен наративизам во композициите. Ова бара при илустрирање на религиозните текстови поставување на многу фигури во посмалени димензии; истовремено континуирањето е поживо и формите помоделирани, а боите поинтензивни. Ретката декоративна пластика се среќава на олтарните прегради, а негде годе и на фасадите, кај извесни споменици и со навестено романичко влијание во изборот на мотивите.

Во Охрид најстар споменик од овој период е „Св. Богородица, Перивлептос — св. Климент", од крајот на XIII век, во чиј зачуван живопис е утврдено значајно творештво на Михајло и Еутихиј од нивната најрана сликарска активност.

Во областа на долниот тек на Црна, во селото Манастир, е откриена во последниве години црквата посветена на св. Никола. Трикорабната базилика од крајот на XI век е фрескирана, поради историските настани, дури во втората половина на XIII век.

Во Прилеп и блиската околина се за одбележување, заради архитектонските и сликарските вредности, црквите „Успение Богородично" — Трескавец, од втората половина на XIII век, „Св. Никола" од крајот на XIII век и „Св. Архангели" од првата половина на XIV век.

Југозападно од Скопје се спомениците, ‚Св. Андреаш", „Св. Богородица" — Матка и „Св. Никола", во долината на реката Треска, трите од XIV век. Југоисточно од Скопје е црквата „Св. Димитрија" во Марков манастир, а во Скопска Црна Гора „Св. Никита", двете од XIV век. Во околината на Куманово се манастирските цркви „Св. Богородица" во Матејче и „Св. Ѓорѓи" во Старо Нагоричино, двете од XIV в.

Кон ова е нужно да се сврти вниманието на фактот дека уметничките вредности од фрескоживописот можат да бидат следени и во сликарството на икони, особено од периодот на XIII и XIV век. Меѓу иконите од овој период најзначајни се оние од Охрид, особено тие што се припишани на сликарското ателје на Михајло и Еутихиј. Извесни врвни достигања на македонското фреско сликарство и иконопис се јавуваат, иако во византиска провинција, далеку пред и можеби како

предодници на извесни јавувања од сличен карактер во Италија. Така, драматизмот во Нерези се јавува цели 150 години пред реализмот на Гјото, чии современици се нашите сликари Михајло и Еутихиј.

Уметноста на Македонија не пропаѓа сосема по доаѓањето на Турците. Таа само полека го загаснува својот сјај лишена од материјални можности на нарачувачите. Уметноста во турскиот период веќе не се развива, таа само ги интерпретира во скромна форма и димензии поранешните достигања. Се градат најчесто, еднокораби црквички, со помалку живопис, со скромни икони и сосема едноставен црквен намештај.

Дури кон крајот на XVIII век ќе им биде можно на некои наши мајстори-резбари да се запознаат со ретардираниот барок во Солун и да го интерпретираат во иконостаси на XIX век. Овие иконостаси, совршени по пропорции, композиција и пластични решенија, во длабока резба на благородно дрво, побудуваат голем интерес во скопската црква „Св. Спас“, во битолската „Св. Богородица”, прилепската „Св. Богородица”, битолскиот манастир во село Буково, во лесновските „Св. Арангели”, во „Св. Јован Бигорски” и уште некои други.

Поствизантиските традиции што живеат модифицирани во македонскиот живопис и иконопис се до XIX век, наоѓаат контакт со современите сликарски правци дури во втората половина на XIX век.

Заради ваквите околности можно е да се верува дека континуитетот на живеењето на уметноста во Македонија, и покрај некои историски обусловени интервали го продолжува движењето во еден непрекинат тек кој држи врска со светските уметнички настани во сите периоди на историскиот развиток.